**4 март, 2014 г. – "Sardich MC" најавува добиени концесии за детални геолошки истражувања**

Со цел да се добие концесијата за детални геолошки истражувања, нашиот тим од професионалци спроведе истражување на историските, геолошките и законските аспекти на наоѓалиштата на минерални природни богатства во Република Македонија. Хронолошкиот извештај за настаните е во продолжение:

*5 ноември, 2013 г.* Со цел да се добие пристап до нови ресурси на територијата на државата, Владата на Република Македонија донесе одлука да отпочне со процедурата за одобрување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални ресурси[1] на следниве места од интерес за Република Македонија:

- „Казандол" (општини Валандово, Богданци и Дојран) – бакар, злато и сребро;
- „Плавуш" (општини Валандово и Струмица) – бакар, злато и сребро;
- „Петрошница" (општина Старо Нагоричане) – молибден, бакар, злато и сребро.

Усвоено беше решение за одбирање на концесионер со спроведување на отворена тендерска постапка. Повикот за наддавање беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 178/13, во дневните весници „Дневник" и „Коха", како и на веб-поратлот www.e-koncesii.mk.

*17 јануари, 2014 г.* Компанијата "Sardich MC" ја достави комплетната тендерска документација на Комисијата за тендерски постапки, како и деловната понуда за учество во наддавањето, вклучувајќи ја назначената уплата за правото на учество во ова отворено тендерско наддавање.

*23 јануари, 2014 г.* Аукцијата се одржа по потврдата за примање на тендерската документација, каде при растечки наддавања, понудата на "Sardich MC" беше највисока меѓу конкуренцијата.

*27 јануари, 2014 г.* Владата на Република Македонија потврди дека "Sardich MC" е победник на тендерското наддавање со издавањето на Одлука[2] за избор на најдобра деловна понуда за концесија за детални геолошки истражувања на локациите „Казандол", „Плавуш" и „Петрошница". Со оваа Одлука се одобрува четиригодишна концесија за детални геолошки истражувања за вкупната површина на сите три потенцијални наоѓалишта:

- „Казандол" – 29 $km^2$;
- „Плавуш" – 22 $km^2$;
- „Петрошница" – 30 $km^2$;

*4 март, 2014 г.* Владата на Република Македонија со Министерот за економија како претставник, ги потпиша договорите со компанијата "Sardich MC" за доделување концесија за детални геолошки истражувања на наоѓалиштата „Казандол" (општини Валандово, Богданци и Дојран), „Петрошница" (општина Старо Нагоричане) и „Плавуш" (општини Валандово и Струмица).

---

[1] Одлука за отпочнување на процедура за давање концесија за детални геолошки истражувања на минерални ресурси (Службен весник на Република Македонија, бр. 155/13 од 12.11.2013 г.).

[2] Одлука за доделување концесија за геолошки истражувања на минерални ресурси – бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол", општини Валандово, Богданци и Дојран; минерални ресурси – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавуш", општини Валандово и Струмица; и минерални ресурси – молибден, бакар, злато и сребро на локалитетот „Петрошница", општина Старо Нагоричане, на компанијата за експлоатација, обработка и производство "Sardich MC" ДООЕЛ извоз-увоз Скопје (Службен весник на Република Македонија 19/14 од 29.1.2014 г.).